**20130360903**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/10, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата на 30.1.2013 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2013 ГОДИНА**

Член 1

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое пензиско друштво за 2013 година изнесува 0,8%, од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Член 2

Надоместот од член 1 на оваа Одлука се пресметува како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Македонија.

Бр.02-151/3
30 јануари 2013 година
Скопје

Потпретседател
на Управниот одбор,
**Хаки Фазлиу**, с.р.